ПАРОХИСКО ПИСМО БР. 3 (ФЕВРУАРИ 2024)



# МАКЕДОНСКА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА

## ЦРКОВНА ОПШТИНА СВЕТА ТРОИЦА-МИНХЕН

## СОДРЖИНА:

| | |
|---|---|
| Вовед | 1 |
| За Светата Причест | 2 |
| Активности/ Настани | 3 |
| Апел | 4 |



## ПОЧИТУВАНИ ПАРОХИЈАНИ,

откако прославивме голем дел на нашите православни празници во изминатиот период од 3-4 месеци, можеме да кажеме дека нашата црковна општина ,,Св.Троица“ во Минхен беше место на радост и место на кое што достојно се славеше Името Господово.

Нашиот македонски народ, во огромен број ја посетува нашата црква, а посебно не радува фактот што се‘ поголем дел од верниот народ пристапува кон Светите Тајни Исповед и Причест. Секако, надежта за редовно доаѓање во храмот и понатаму останува, заради тоа што со секое доаѓање во храмот, ја одмараме нашата душа од секојдневните грижи кои што не обременуваат во текот на изминатата седмица. Од нас и само од нас зависи дали ќе го поминеме неделното претпладне пред телевизор, компјутер, телефон или пак ќе одиме во храмот каде што преку заедничка молитва ќе му оддадеме почит на Бога, на Создателот, на Оној од кого што зависи се‘ во овај свет. Секако дека има моменти кога човек е спречен да го посети храмот, да дојди на богослужба. Меѓутоа, во моментот кога човек треба да одбери помеѓу седење пред телевизор и богослужба, тогаш секако дека втората опција е повеќе полезна и спасоносна.

Во овај контекст ќе го спомнам и тоа: Да не паѓаме на замки од нечестивиот со изговори од типот, не мора да бидам присутен во црквата на богослужба, оти Бог е насекаде. Точно, Господ не е физички ограничен помеѓу ѕидовите на храмот, ама Вистинскиот Бог може да се прими само на Светата Литургија, преку Светата Причест. Што значи, со самото редовно доаѓање на богослужбите, веќе почнуваме да ја осознаваме радоста од близината на Бога.
Драги браќа и сестри, да останиме цврсти во верата, да ги ползуваме благодетите од Милоста Божја, да бидеме добри христијани, чесни луѓе,вредни работници, добри родители и сопружници, да бидеме добри ученици и послушни деца.

Да бидеме од радост на Бога.
Воедно, од мое име и од името на Управниот одбор, изразуваме голема благодарност до сите вас кои ја помагате нашата црква, до нашите донатори и до сите кои што ја посетувате нашата Македонска Православна Црква во Минхен. Нека Бог не зацврстува во молитвата и нека ни ја зајакнува верата.

Отец Миле Велјановски

## ЗА СВЕТАТА ПРИЧЕСТ

„Кој го јаде Моето Тело и ја пие Мојата Крв, ќе живее во Мене и Јас во него“ (Јн.6,56)

Ова се зборовите, драги верници, кои самиот Спасител Господ Исус Христос ги кажал и притоа ни ја потенцирал потребата од примањето на Светата Причест. Ова се зборовите, во кои е скриена Тајната над секоја тајна, а воедно ни е предадена и откриена нас како Христови следбеници, за да се стекнеме со Живот Вечен. Можеби некој ќе рече, како сега Тајната која е најголема, можеме да ја разбериме и да ни биде откриена ? -Едноставно. Дојдете и вкусете го Господ кој што е Благ. Таа Тајна, за која што самиот Спасител ни кажал дека е Тајна за Живот Вечен, ни се нуди и дава на секоја отслужена Литургија.



Доаѓајќи во храмот, верникот треба секогаш да се радува на средбата меѓу него и Бог, ама тоа ќе биде исполнето во целата полнота на спасението, само доколку човекот ја прими Светата Причест. И тука започнува откривањето на таа Тајна над тајните. Колку почесто се причестуваме, толку повеќе навлегуваме во длабочината на нашиот духовен свет, се повеќе ја запознаваме нашата несовршеност, а се повеќе сме убедени во Божјата сесовршеност и тоа е еден процес кој што непрекинато трае. И нормално, човекот, веќе ја разбира целта на неговото доаѓање на Светата Литургија, која не е ограничена на традиционално палење на свеќи за здравје, туку со нетрпение ја чека другата средба со Бог преку примањето на Неговото Тело и Неговата Крв.

Замислете, Бог, кој што е владетел на `се ни се нуди да станеме соучесници во Животот Вечен. На тој начин Тој ја покажува својата милост кон нас, оти човекот заради гревот беше прогонет од рајот. А на овај начин, на човекот му се дава повторно можност да стане жител на рајот.

Секако,дека во дел од овај процес,за да човекот ја прими Светата Причест, има процес на подготовка којшто секој од нас треба да го запази, а тоа е: да биди православно крстен, да пости (освен во одредени ситуации кога верникот со благослов на свештеникот се разрешува од пост), да се исповеда и нормално, сетоа тоа да биде пропратено со молитва.

Ете, на овај начин драги браќа и сестри, ќе можеме да станеме дел од Царството Небесно, на овај начин којшто и Светите Отци на црквата ни го потврдиле како пат за спасение на нашата душа.

Доаѓањето во храмот да го разбериме како еден круг, кој почнува со нашата припрема претходно, а се затвора со примањето на Светата Причест.

Слава на Бога за `се!



# АКТИВНОСТИ/ НАСТАНИИ

- На 05.12.2023 парохискиот свештеник отец Миле Велјановски зеде учество на средба на Свештеничката православна конференција во град Минхен.
- На 20.12.2024 се одржа средба помеѓу наша делегација и двајца претставници од Католичката црква
- На 15.01.2024 се одржа средба помеѓу наша делегација и претставник од Евангелистичката црква
- На 24.01.2024 наша делегација беше поканета и присуствуваше на традиционалната екуменска средба во Фрауенкирхе.
- На 27.01.2024 парохискиот свештеник отец Миле Велјановски, на покана од Српската црква во Минхен по повод нивниот патрон празник Св.Сава, сослужуваше на Света Литургија со свештеници од сите правосллвани цркви во Минхен.
- На 30.01.2024 парохискиот свештеник отец Миле Велјановски сослужуваше на Света Литургија во Салваторекирхе, со свештеници од другите помесни православни цркви во Минхен, по повод завршувањето на зимскиот семестар на Православниот факултет при универзитетот Лудвиг Максимилијан во Минхен.
- На 30.01 се одржа средба помеѓу наша делегација и преставници на католичката црква што ја користиме, Св. Маргарета.

# АПЕЛ

Ги повикуваме сите верници кои се во можност и сакаат да ја помогнат нашата црковна општина,тоа да го направат преку месечен прилог кои сами ќе го одредат во форма на Dauerauftrag на црковното конто:

**Mazedonische Orthodoxe Kirchengemeinde Sv.Troica e.V.**
**IBAN: DE30 7025 0150 0950 0047 05**
**BIC: BYLADEM1KMS**

За донација до 300 евра годишно, доволно е преку контоаусцуг да вратите дел од данокот. За оние донации над 300 евра, ќе добиете потврда од нашата црковна општина за да вратите дел од данокот.

Ви благодариме за помошта!

---

# Корисни информации:

Адреса на храмот: Plinganserstr. 1, 81369 München **(klikni)**
Свештеник: отец Миле Велјановски
тел. 0176 95676547
www.mpcminhen.de **(klikni)**
info@mpcminhen.de
www.facebook.com/mpcminhensvtroica **(klikni)**

Годишен распоред на богуслужби **(klikni)**